Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 36, став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 60-тата седница одржана на ден __.01.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за техничка исправка за ГП 16 и ГП 16’ од блок Д од ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ – ЗОНА 2 – КО Велес, Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на ГП 16 и ГП 16’ во блок Д од ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ – ЗОНА 2 – КО Велес, Општина Велес, донесен со Одлука бр.071-682/1 од 10.07.2000 година.

Во графичкиот и табеларниот прилог дадени во планот ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ-ЗОНА 2-КО Велес, изработен од Завод за урбанизам и архитектура Велес, со техничката исправка се врши усогласување на податоците на површината на градежната парцела 16 и 16 ‘.

**Член 2**

Техничката исправка е составен дел на урбанистичкиот план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), добиено е барање до комисијата за урбанизам на Општина Велес од Друштво за проектирање, трговија и услуги МОНОЛИТ ГРУП ДОО Штип, да изврши техничка исправка настаната при изработката на ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ-ЗОНА 2-КО Велес, донесен со Одлука бр.0701-682/1 од 10.07.2000 година во кој што на градежната парцела бр.16 и 16’ е констатираната грешка.

По разгледување на приложената документација за техничка исправка за ГП 16 и 16’, од ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ-ЗОНА 2-КО Велес, Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалник на Општина Велес со решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година утврди дека е направена техничка грешка во деталниот урбанистички план ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ-ЗОНА 2-КО Велес, донесен со Одлука бр.071-682/1 од 10.07.2000 година.

1. Имено за ГП 16 од блок Д, во текстуалниот дел и во нумеричките податоци во Деталниот план, дадени се следните параметри:
- површина на парцела - 411m2
- максимална површина на градба -160m2
- процент на изграденост - 39%
- коефициент на изграденост - 1.16
- максимална висина до венец: - 9.3m
- намена: СК

За предметната градежна парцела ГП 16 е изработен геодетски елаборат за посебни намени од Трговско друштво за геодетски работи „ГЕОДЕТ“ ДООЕЛ Радовиш, со деловоден број 08-236/9 од 30.08.2024 година.
Во овој елаборат согласно применетата методологија на премер и контрола е констатирано следното:
- во составот на градежната парцела влегуваат повеќе делови од катастарските парцели КП бр.16357/6 (КП бр.16357/43=37м2), КП бр.16357/17 (КП бр.16357/17=39м2), КП бр.16367/1 (КП бр.16367/1=323м2), КП бр.16367/2 (КП бр.16367/2=74м2), КП бр.16367/3 (КП бр.16367/3=108м2), КП бр.16367/4 (КП бр.16367/4=178м2) и КП бр.16367/5 (КП бр.16367/7=5м2), КО Велес, од каде произлегува дека ГП 16 е со површина од 764м2.

2. За ГП 16’ од блок Д, односно за предметниот план е добиен Извод од план (од ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ-ЗОНА2-КО Велес, Општина Велес, донесен со Одлука бр.0701-682/1 од 10.07.2000 година) со арх.бр.13-2621/2 од 19.06.2024 година. Изводот се однесува за КП бр.16357/4, КО Велес, Општина Велес, односно на ГП 16’ од блок Д.
Во текстуалниот дел и во нумеричките податоци се дадени следните параметри за ГП 16’, од блок Д не се зададени параметри.
За предметната градежна парцела е изработен геодетски елаборат за посебни намени од Трговско друштво за геодетски работи „ГЕОДЕТ“ ДООЕЛ Радовиш, со деловоден број 08-233/6 од 09.08.2024 година.
Во овој елаборат согласно применетата методологија на премер и контрола е констатирано следното: - во составот на градежната парцела влегуваат повеќе делови од катастарските парцели КП бр.16357/4 (КП бр.16357/4=329м 2 ), КП бр.16357/17 (КП бр.16357/44=92м2 ) и КП бр.16367/1 (КП бр.16367/6=4м2 ), од каде произлегува

- ГП 16’ е со површина од п=425м2 .
- површина на парцела – 425 m2
- максимална површина на градба –149.56m2
- бруто развиена површина- 448.68 m2
- процент на изграденост –35.19 %
- коефициент на изграденост—1.39
- максимална висина до венец: 9.3m
- намена: СК

Површината е детално опишана во списокот на индикации за формирање на градежната парцела.

Разликата во квадратурата произлегува од отчитување на катастаските подлоги во дигитална форма.






Техничката исправка ги содржи следните прилози:
Извод бр. 13-4542/2 од 29.11.2022 година од ДУП измена и дополнување на Детален урбанистички план РЕЧАНИ-ЗОНА 2-КО Велес
Геодетски елаборат за посебни намени- Ажурирана геодетска подлога
Имотни листови
Техничка исправка - текстуален, нумерички и графички дел